# Службен гласник

## на Општина Кавадарци


| Број 75 | 01.07.2021година |
|---|---|


СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Кавадарци; | 6 |
| Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Кавадарци; | 6 |
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година; | 10 |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година; | 11 |
| Решение за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за домашно долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на Проект ГРАДСКИ ПАЗАР СО ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ; | 12 |
| Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за домашно долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на Проект ГРАДСКИ ПАЗАР СО ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ; | 12 |
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2021 година; | 13 |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на | 14 |

| | |
|---|---|
| урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2021 година; | |
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади за 2021 година; | 15 |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади за 2021 година; | 16 |
| Решение за објавување на Одлука за утврдување на интерес за основање на Акционерско Друштво Градски фудбалски клуб„Тиквеш„ 1930 Кавадарци; | 17 |
| Одлука за утврдување на интерес за основање на Акционерско Друштво Градски фудбалски клуб„Тиквеш„ 1930 Кавадарци; | 17 |
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци; | 18 |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци; | 19 |
| Решение за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Вардарски плански регион; | 20 |
| Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Вардарски плански регион; | 20 |
| Решение за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за сопствено учество на Општина Кавадарци – Локална самоуправа, во реализација на проектот "Поставување на фото – напонски панели на 10 Јавни општински објекти со вкупна инсталирана моќ од 19.2 kw/h" | 25 |
| Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за сопствено учество на Општина Кавадарци – Локална самоуправа, во реализација на проектот "Поставување на фото – напонски панели на 10 Јавни општински објекти со вкупна инсталирана моќ од 19.2 kw/h" | 26 |
| Решение за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за сопствено учество на Општина Кавадарци – Локална самоуправа, во реализација на проектот "Реконструкција на локален пат во село Бохула со Заклучок | 27 |
| Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за сопствено учество на Општина Кавадарци – Локална самоуправа, во реализација на проектот "Реконструкција на локален пат во село Бохула | 28 |
| Заклучок по Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за сопствено учество на Општина Кавадарци – Локална самоуправа, во реализација на проектот "Реконструкција на локален пат во село Бохула | 29 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.21/21 поведен пред Основен суд Кавадарци; | 29 |
| Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.21/21 поведен пред Основен суд Кавадарци; | 30 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност за склушување на Судско порамнување по судски предмет МАлвП-29/2021 година поведен пред Основен суд Кавадарци; | 31 |
| Одлука за давање согласност за склушување на Судско порамнување по судски предмет МАлвП-29/2021 година поведен пред Основен суд | 32 |

| | |
|---|---|
| Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност за потпишување на Договор за управување со Младински центар Кавадарци; | 33 |
| Одлука за давање согласност за потпишување на Договор за управување со Младински центар Кавадарци; | 33 |
| Решение за објавување на Одлука за укинување на Одлуката за ослободување од надоместок за користењена просторот пред деловните простории за вршење на дејности намалување на висината на комуналната такса; | 38 |
| Одлука за укинување на Одлуката за ослободување од надоместок за користењена просторот пред деловните простории за вршење на дејности намалување на висината на комуналната такса; | 39 |
| Решение за објавување на Одлука за давање на трајно користење, без надомест недвижна ствар-Објект на Детска градинка на ЈОУДетска Градинка,, Рада Поцева,, Кавадарци; | 39 |
| Одлука за давање на трајно користење, без надомест недвижна ствар-Објект на Детска градинка на ЈОУДетска Градинка,, Рада Поцева,, Кавадарци; | 40 |
| Решение за објавување на Одлука за давање на трајно користење без надомест на движни ствари – клима уреди на ООУ,,Димката Ангелов Габерот,, с.Ваташа; | 41 |
| Одлука за давање на трајно користење без надомест на движни ствари – клима уреди на ООУ,,Димката Ангелов Габерот,, с.Ваташа; | 42 |
| Решение за објавување на Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на СОЗШУ „Ѓорче Петров“ Кавадарци; | 43 |
| Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на СОЗШУ „Ѓорче Петров“ Кавадарци; | 43 |
| Решение за објавување на Одлука за давање на трајно користење без надомест на движни ствари – уметнички слики на Локален Музеј Галерија Кавадарци ; | 45 |
| Одлука за давање на трајно користење без надомест на движни ствари – уметнички слики на Локален Музеј Галерија Кавадарци ; | 45 |
| Решение за објавување на Одлука за усвојување на Стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Кавадарци за 2021 – 2025 година; | 46 |
| Одлука за усвојување на Стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Кавадарци за 2021 – 2025 година; | 47 |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување); | 47 |
| Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување); | 48 |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување); | 49 |
| Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување); | 49 |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување); | 50 |
| Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина | 50 |

| | |
|---|---|
| Кавадарци за 2021 година(лекување); | |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување); | 51 |
| Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување); | 52 |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување); | 52 |
| Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување); | 53 |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година; | 54 |
| Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување); | 55 |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година Мобилност; | 55 |
| Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година Мобилност; | 56 |
| Решение за објавување на Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување на претставници во Управен Одбор на ЈОУ Дом на култура „ Иван Мазов Климе„ Кавадарци; | 56 |
| Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување на претставници во Управен Одбор на ЈОУ Дом на култура „ Иван Мазов Климе„ Кавадарци; | 58 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2022 година на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци, со арх.бр.04-334/1 од 16.06.2021 година; | 58 |
| Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2022 година на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци, со арх.бр.04-334/1 од 16.06.2021 година Со Заклучок; | 59 |
| Заклучок по Годишен План за вработување за 2022 година на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци; | 60 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Статутарна Одлука со арх.бр.02-189/4 од 16.06.2021 година, за измена и дополнување на Статутот на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци | 60 |
| Одлука за давање согласност на Статутарна Одлука со арх.бр.02-189/4 од 16.06.2021 година, за измена и дополнување на Статутот на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци; | 61 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2022 година на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци со арх.бр. 01-81/11 од 16.06.2021 година; | 61 |
| Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2022 година на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци со арх.бр. 01-81/11 од 16.06.2021 година; | 62 |
| Решение за објавување Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2022 година на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци, со арх.бр.01-3658/1 од 11.06.2021 година; | 63 |
| Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2022 | 64 |

| | |
|---|---|
| година на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци, со арх.бр.01-3658/1 од 11.06.2021 година; | |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци за 2022 година, со арх.бр.02-110/ од 04.06.2021 година; | 64 |
| Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци за 2022 година, со арх.бр.02-110/ од 04.06.2021 година; | 65 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Измена на Годишен План за вработување за 2022 година на ООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци, со арх.бр.04-164/1 од 03.06.2021 година; | 66 |
| Одлука за давање согласност на Измена на Годишен План за вработување за 2022 година на ООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци, со арх.бр.04-164/1 од 03.06.2021 година; | 67 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување за 2022 година на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци, со арх.бр.04-1483/1 од 09.06.2021 година; | 68 |
| Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување за 2022 година на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци, со арх.бр.04-1483/1 од 09.06.2021 година; | 68 |
| Решение за објавување на Одлука за давање на согласност на Одлука за поништување на Одлука за примање од ЈП „Комуналец"Кавадарци на времено користење движна ствар-машина марка GRAKO LINELAZER 250 sps со арх.бр.02-1505/5 од 17.06.2021 година; | 69 |
| Одлука за давање на согласност на Одлука за поништување на Одлука за примање од ЈП „Комуналец"Кавадарци на времено користење движна ствар-машина марка GRAKO LINELAZER 250 sps со арх.бр.02-1505/5 од 17.06.2021 година; | 69 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на одлука за давање на донација движна ствар-Товарно возило Fiat Florino на Општина Кавадарци со бр.02-1551/3 од 25.06.2021 година ; | 70 |
| Одлука за давање согласност на одлука за давање на донација движна ствар-Товарно возило Fiat Florino на Општина Кавадарци со бр.02-1551/3 од 25.06.2021 година; | 71 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за давање на времено користење на движна ствар на Територијална противпожарна единица; | 71 |
| Одлука за давање согласност на Одлука за давање на времено користење на движна ствар на Територијална противпожарна единица; | 72 |
| Решение за објавување Одлука за примање на донација на проектна документација од ДООТПУ„ Слога Пром„ увоз-извоз Кавадарци | 72 |
| Одлука за примање на донација на проектна документација од ДООТПУ„ Слога Пром„ увоз-извоз Кавадарци | 73 |
| ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА од Комисијата за статут и прописи на Одлука за утврдување на интерес за основање на Акционерско Друштво Градски фудбалски клуб "ТИКВЕШ" Кавадарци бр.08-3770/6 од 30.06.2021 година; | 76 |

Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.06.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-4106/1**
**01.07.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1, а во врска со член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весникна РМ „бр.5/02), а во врска со член 16, 17 и 18 од Законот за младинско учество и младински политики („Сл.весник на РСМ„ бр.10/20), член 185, член 82 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр. 08/2005....64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 57-та седница, одржана на ден 30.06.2021 година, донесе

**СТАТУТАРНА О Д Л У К А**
**измена и дополнување на Статутот на Општина Кавадарци**

Член 1

Во Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005, 14/10, 24/10, 38/19,64/20), се врши следната измена и дополнување :

Во глава IV.ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА , член 128-а, 128-б, 128-в, 128-г, 128-д, 128-ѓ, 128-е СЕ БРИШАТ и се додаваат нови членови член 128-а, 128-б, 128-в, 128-г, 128-д, 128-ѓ, 128-е , 128-ж, 128-з, 128- ѕ, 128-и, кои гласат:

“Член 128-а

ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

Локален Младински совет е советодавно и претставничко тело на Општина Кавадарци и се основа со цел активно вклучување на младите од Општина Кавадарци во процесите на донесување на одлуките на локална власт преку предлагање на иницијативи од делокругот на младински прашања и политики кои ги засегаат младите на подрачјето на Општина Кавадарци.

Млади, во смисла на оваа одлука се државјани на Република Северна Македонија, со место на живеење во Општина Кавадарци, на возраст од 15 до 29

години. Младите од став 1 на овој член можат да бидат избирани за членови, претседател и заменик претседател на Советот на млади на Општина Кавадрци, само ако се со постојано место на живеење во Општина Кавадарци“.

Член 128-б

Претставниците на локалниот Младински совет имаат право да:

- предлагаат точки на дневен ред на Советот на општината кои ги засегаат младите,
- расправаат за прашања за кои се расправа во Советот на општината, а се од интерес на младите,
- иницираат прашања за млади од делокругот на работата на општината,
- иницираат, учествуваат и даваат повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики,
- доставуваат информации до општината за прашања кои се однесуваат на младите,
- вршат други советодавни и застапувачки работи во согласност со закон.

Член 128-в

Бројот на членови на Советот на млади е непарен и не надминува повеќе од една третина од членовите на Советот на Општина Кавадарци, но не може да биде помалку од пет лица.

Членовите на локалните Младински совети имаат мандат од две години со право на уште еден избор.

Член 128-г

Советот на Општина Кавадарци распишува јавен повик за членови на Иницијативен одбор за организација и одржување на Локално младинско собрание на Општина Кавадарци.

Иницијативниот одбор со Решение го формира Советот на општина Кавадарци.

Иницијативниот одбор е составен од 5 (пет)члена кои ги треба да ги исполнуваат условите за членување во собрание на млади.

Иницијативниот одбор распишува Јавниот повик за конститутивното локално собрание за млади .

Мандатот на членовите на иницијативниот одбор трае само до одржување на конститутивното локално собрание на млади и по успешно одржување на првата конститутивна седница на Собранието на млади , истиот се распушта.

Иницијативниот одбор иницира и заседава со контитутивната седница на локалното Собрание на млади заедно со службеникот за млади во општината .

Член 128-д

Во Собранието на млади можат да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички организации и други облици на младинско здружување.

Членови на Собрание на млади се по еден делегат и заменик делегат кој се предложени од страна на младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички организации и други облици на младинско здружување кој претходно аплицирале и ги исполниле критериумите на Јавниот повик за формирање на Собранието на млади.

На конститутивната седница на Собранието на млади се избира претседател по пат на тајно гласање.

Мандатот на членовите на Собранието на млади, како и мандатот на претседателот трае 2 години.

На Конститутивната седница, Собранието на млади носи Одлука за формирање на Комисија која што до следната седница на Собранието на млади на општината треба да подготви Деловник за работа на Собранието.

Член 128-ѓ

По усвојување на Деловникот за работа, Собранието донесува Одлука за распишување Јавен повик за формирање на Локалниот Младински совет на Општина Кавадарци, со критериуми во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

Јавниот повик се објавува на веб страницата на Општина Кавадарци, во локалните медиуми и на останати јавни места/социјални медиуми, сè со цел да информира што е можно поголем број на млади во Општина Кавадарци. Повикот трае најмалку десет (10) дена од денот на неговото објавување.

Кандидатите за членови на Локалниот Младински совет ги предлагаат: граѓански организации и младински здруженија, училишни заедници совети, студентски совети и други форми на младински организации.

Член 128-е

Бројот на членови на Локалниот Младински совет е непарен и не надминува повеќе од една третина од членовите на Советот на општината. Членовите на Локалниот Младински совет имаат мандат од две (2) години со право на уште еден избор.

Членовите на Локалниот младински совет се верификуваат од страна на Советот на Општина Кавадарци.

Член 128-ж

Советот на општината може да разреши член на Локалниот Младински совет и пред истекот на мандатот поради,

- лично барање на членот на Локалниот Младински совет;
- ако неоправдано отсуствува од седниците на Локалниот Младински совет.

Член 128-з

Локалниот Младински совет одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш во месецот. Седниците ги свикува и со нив заседава претседателот на Локалниот Младински совет. Претседателот на ЛМС е должен да свика вонредна седница на предлог од најмалку една третина (1/3) од членовите на ЛМС.

Локалниот Младински совет ги донесува Одлуките со мнозинство гласови ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупно избраните членови на ЛМС.

Начинот на работа на Локалниот Младински совет поблиску се утврдува со Деловникот за работа.

Локалниот Младински совет може да формира постојни и повремени работни тела за потесни кругови на делување, за поедини групи на млади или за проблеми кои ги загрижуваат младите.

На седниците на Локалниот Младински совет можат да присуствуваат и учествуваат во работата без право на одлучување: Градоначалникот на Општина Кавадарци, Претседателот на Советот на Општина Кавадарци, како и членовите на Советот на Општина Кавадарци.

Член 128-ѕ

Локалниот Младински совет донесува Програма за работа и ја доставува до Советот на Општина Кавадарци за секоја календарска година.

Програмата за работа, Локалниот Младински совет ја донесува со мнозинство на гласови од сите членови на ЛМС. Програмата се донесува и поднесува на одобрување пред Советот на Општина Кавадарци, најдоцна до 31 октомври во тековната година, за следната година

Член 128-и

Членовите на Локалниот Младински совет не добиваат надоместок за својата работа. Стручните и административните работи за потребите на Локалниот Младински совет ги врши администрацијата во Општина Кавадарци, односно назначува службеник за млади во согласност со Законот за младинско учество и младински политики“.

Член 2

Статутарната одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во ,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-3770/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.06.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.06.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4106/2** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.07.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 95 од Законот за градежно земјиште (“Сл.весник на РМ бр 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/2016“Сл.весник на РСМ” бр.279/19), а во врска со Правилникот за степенот на уредување на градежно земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (“Сл.весник на РМ” бр.38/11, 93/11, 65/12, 75/12, 98/12, 133/13, 155/13, 96/14, 107/14, 149/15), член 36 став1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/02) член 82 став 1 точка 9 од Статутот на

Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 63/20,64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 57-тата седница, одржана на ден 30.06.2021 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно за земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година**

**Член 1**

Во Програмата за уредување на градежно за земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.66/20, 71/51), се врши следната измена и дополнување:

Во глава **VI-1. ОБЈЕКТИ ПО УРБАНИ ЗАЕДНИЦИ,**

-Во подглава **Изградба на системи за одводнување и прочистување на отпадни води и водоснабдување**, после ставка Интервенции за фекална, атмосферска канализација и водоводна линија се додава нова ставка и тоа :

- Изградба на фекална и атмосферска канализација на ул.,,Ѓорѓи Соколов“ во Кавадарци.

Вкупниот износ од 3.000.000, 00 денари се заменува со износ од 11.000.000денари.

Во подглава **Изградба на јавни објекти,** после ставка реконструкција на улици со гранитни коцки и павер елементи поплочени површини**се** додаваат нови ставки и тоа **:**

**-** Потпорен зид на градинката на ул.,,Ресавска“

- Поставување на монтажни објекти (контејнери) за времено сместување на луѓе

Вкупниот износ од 34,700,000 се заменува со износ од 44.900.000 денари.

Вкупниот Рекапитулар останува непроменет.

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци.”

**Бр.08-3770/2**
**30.06.2021 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за домашно долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на Проект ГРАДСКИ ПАЗАР СО ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за домашно долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на

Проект ГРАДСКИ ПАЗАР СО ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.06.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4106/3**
**01.07.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, бр.5/02), а во врска со член 18 и член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.61/04… 209/18 и ,,Сл.Весник на РСМ,, бр.244/19....77/21), член 4 од Законот за јавен долг (,,Сл.Весник на РМ,, бр.62/05, 88/08, 35/11, 139/14), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05,14/10, 24/10, 38/19, 64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 57-та седница, одржана на ден 30.06.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за домашно долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на Проект,,ГРАДСКИ ПАЗАР СО ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ,,**

Член 1

Во Одлуката за домашно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на Проект,, ГРАДСКИ ПАЗАР СО ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ'' со арх бр. 08-4323/1 од 14.08.2020 година, Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за домашно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на Проект ,,ГРАДСКИ ПАЗАР СО ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ'' со арх.бр. 08-888/5 од 17.02.2021 година ( ,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр. 60/20 и бр. 69/21), се врши следната измена и дополнување:

Во член 1 после зборовите ,,ГРАДСКИ ПАЗАР СО ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ'' текстот после запирката, се менува и гласи:

,, од кои износ од 102.616.159,оо денари со вклучен ДДВ, се со намена за градежни работи за изградба на Градски Пазар со подземен паркинг, во две нивоа покриен со настрешници и изградба на улица "1''- Зелен Пазар –асфалтирање и комплетна инфраструктура, износ од 11.573.192,оо денари со вклучен ДДВ, со намена за опрема на Градски пазар и остатокот од 3.810.649,оо денари со вклучен ДДВ за склучување на анекси кон договорите за појавени вишоци и кусоци/или непредвидени работи при реализацијата на договорите.''

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-3770/3**
**30.06.2021 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2021 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2021 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.06.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4106/4**
**01.07.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 20 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ"бр. 32/20) и член 132, став 1од Статутот на општина Кавадарци („Сл. гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 57-та седница, одржана на ден 30.06.2021 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**За изменување и дополнување на Програмата**
**за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2021 година**

**Член 1**

Во Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2021 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.66/20, 69/21,74/21), се врши следната измена и дополнување:

Глава: IV. Урбанистички планови финансирани од правни и физички лица, после точка 59 се додаваат две нови точки кои гласат:

60.„ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотоволтаични плантажи) на КП 1795, КП 1796 КО Ресава, Општина Кавадарци.

Површина на планскиот опфат-~0,6 ха.

Граница на планскиот опфат:

-на север –КП 2397 КО Ресава, локален пат
-на запад- КП 1798, КП 1797 КО Ресава
-на југ- КП 1789/1, КП 1793 КО Ресава
-на исток – КП 1785, КП 1786 КО Ресава
Намена:
-Е1.13 –Површински соларни и фотоволтаични електрани;
И комплементарни, компатибилни и алтернативни намени согласно член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр. 225/20).

61.„ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани, на КП 3857/2, КП 3858, КП 3844 и КП 3843, КО Кавадарци-вгр, Општина Кавадарци.
Површина на планскиот опфат-~2,3 ха.
Граница на планскиот опфат:
-на север –КП 9583, КП 3859 и дел од КП 3838/2 КО Кавадарци вон град
-на запад- КП 3320/1 КО Кавадарци вон град
-на југ- КП 3857/1 и КП 3845, КО Кавадарци вон град
-на исток – КП 3842 и КП 3838/2 КО Кавадарци вон град
Намена:
-Е1.13 –Површински соларни и фотоволтаични електрани;
И комплементарни, компатибилни и алтернативни намени согласно член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр. 225/20).
Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила ( 8 ) осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. Гласник на Општина Кавадарци" .

**Бр.08-3770/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.06.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е

### за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади за 2021 година

1. СЕ ОБЈАВУВА Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади за 2021 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.06.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4106/5**
**01.07.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл. весник на РМ" бр.5/2002) , член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (,,Сл. гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05...64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 57-та седница, одржана на ден 30.06.2021 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за изменување и дополнување на
## Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади за 2021 година

### Член 1

Во Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади за 2020 година бр. 08-888/25 од 17.02.2021 година (,,Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.68/2021), се врши следното изменување и дополнување:

Во дел ФИНАНСИРАЊЕ, во став 1, износот од 12.000.000,00 денари се заменува со износ од 13. 000. 000, 00 денари;

Во делот ФИНАНСИРАЊЕ после точка 2 - МАНИФЕСТАЦИИ, ТУРНИРИ И ПРОЕКТИ, се додава се додава нова точка 3 која гласи:
-,,3. Поддршка на фудбалот во Општина Кавадарци -1. 000.000,00 денари,, .

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

### Член 2

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-3770/5**
**30.06.2021 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина

Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за утврдување на интерес за основање на Акционерско Друштво Градски фудбалски клуб,,Тиквеш,, 1930 Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на интерес за основање на Акционерско Друштво Градски фудбалски клуб,,Тиквеш,, 1930 Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.06.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4106/6** | **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.07.2021 година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** | **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 точка 6 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ,, бр.05/2002), а во врска со член 6, 6-а и член 7 од Законот за спорт ( ,,Службен весник на РМ,, бр. 29/02...244/19 ), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/05…64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 57-та седница, одржана на ден 30.06.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на интерес за основање на**
**Акционерско Друштво Градски фудбалски клуб “ТИКВЕШ“ Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува интерес на Општина Кавадарци за основање на Акционерско Друштво Градски фудбалски клуб “ТИКВЕШ“1930 Кавадарци.

**Член 2**

Вкупниот акционерски капитал на Акционерското Друштво Градски фудбалски клуб “ТИКВЕШ“1930 Кавадарци е во износ од 1. 542. 376,00 денари, од кои Општина Кавадарци ќе учествува со акционерски капитал во износ од 771. 187,5 денари, односно со процентуален износ од 51 %., од капиталот**.**

Финансиските средства на име акционерски капитал на Општина Кавадарци од 771. 187,5 денари ке се обезбедат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година и да се уплатат на жиро сметка на Акционерското Друштво

- 300040000000422-депонент Комерцијална Банка.

**Член 3**

Работите од надлежност на Собранието на Акционерското Друштво Градски фудбалски клуб “ТИКВЕШ“ 1930 Кавадарци, Општина Кавадарци ке ги врши преку овластен претставник.

Овластениот претставник се овластува да учествува на основачкото Собрание на Акционерското Друштво и да ги превземе сите дејствија и активности потребни за основање на Акционерското Друштво.

Како овластен претставник на Совет на Општина Кавадарци кој ке ги врши работите од надлежност на Собранието на Акционерското Друштво Градски фудбалски клуб “ТИКВЕШ“ 1930 Кавадарци, се именува Кире Јаковлев, вработен во општинската администрација на Општина Кавадарци.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-3770/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.06.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.06.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4106/7** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.07.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, бр 5/2002), а во врска со член 41 од Законот за Градежно земјиште ("Сл.весник на РМ" бр. 15/15....190/16 и "Сл.весник на РСМ" бр.279/19), член 2 точка 4 и член 80 и 81-а од Законот за градење ("Службен Весник на РМ" бр. 130/2009…168/2018) , член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр. 8/05........64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 57-та седница, одржана на ден 30.06.2021 година, донесе

**П РО Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Во Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци бр. 08-6496/20 од 16.12.2020 година, бр.08-888/9 од 17.02.2021 година, бр.08-1461/52 од 12.03.2021 година, се врши следното изменување и дополнување:

,,Во Глава 11- Урбана Опрема - Самостоечки рекламни паноа,

Во точка 2. Сити Лајт – алинеа 3 - ул. ,,Илинденска,, се додава локација бр.19, димензии 2м x 1м,,.

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-3770/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.06.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Вардарски плански регион**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Вардарски плански регион, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.06.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4106/8** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.07.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002), а во врска со член 27, 28, 29, 30, 31 и член 32 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ“ бр.24/2021), член 132

став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05...64/20) ,

Советот на Општина Кавадарци на 57-та седница, одржана на ден 30.06.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на**
**Одлуката за основање на Центар за развој на**
**Вардарски плански регион**

**Член 1**

Во Одлуката за основање на Центар за развој на Вардарски плански регион со арх.бр.07-1446/7 од 23.05.2008 година(,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.53/08), се врши следното изменување и дополнување:

**-Во член 3 текстот се менува и гласи:**

**„**Седиштето на Центарот за развој на Вардарски плански регион е во Општина Велес на улица „Шефки Сали“ бр.4.“

**-Во член 4 текстот се менува и гласи:**

,,Центарот за развој на Вардарски плански регион спроведува активности и реализира задачи поврзани со развојните приоритети на планскиот регион и тоа:

- изготвува Предлог-програма за развој на Вардарски плански регион;
- изготвува Предлог-акционен план за имплементација на Програмата за развој на Вардарски плански регион;
- изготвува проекти за развој на планскиот регион;
- ги координира активностите поврзани со имплементацијата на Програмата за развој на Вардарски плански регион;
- ги реализира проектите за развој на планскиот регион;
- изготвува Годишен извештај за спроведувањето на Програмата за развој на Вардарски плански регион;
- обезбедува информации до заинтересираните страни за текот на реализацијата на Програмата за развој на Вардарски плански регион и други прашања поврзани со регионалниот развој;
- обезбедува стручна и техничка помош на општините во подготовката на нивните програми за развој;
- обезбедува стручни услуги на здруженија и други заинтересирани страни за подготовка на проекти од областа на регионалниот развој;
- ја поттикнува меѓуопштинската соработка во рамките на планскиот регион,
- изготвува, поднесува апликации и спроведува проекти за поттикнување на развојот на планскиот регион, финансирани од фондовите на Европската Унија и други меѓународни извори;
- врши промоција на развојните можности на планскиот регион;
- реализира активности за поттикнување на конкурентноста преку активна поддршка на приватниот сектор;
- врши стручни и административно-технички работи за потребите на Советот за развој на планскиот регион;
- изготвува и реализира проекти и договорени задачи и услуги за министерства и други државни институции и
- врши други активности за поттикнување на развојот на планскиот регион.,,

**-Во член 5 текстот се менува и гласи:**

,,Центарот за развој на Вардарски плански регион (во натамошниот текст Центарот) има директор, кој се избира по пат на јавен оглас.

Директорот на Центарот го избира Советот за развој на Вардарски плански регион со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот.

Мандатот на директорот е 4 (четири) години, со право на повторен избор.

Јавниот оглас за избор на директор на Центарот за развој на планскиот регион го распишува Советот за развој на Вардарски плански регион во рок од 60 дена од денот пред истекување на мандатот на директорот на Центарот.

Советот за развој на Вардарски плански регион определува вршител на должност директор на Центарот се до изборот на нов директор, од редот на вработените службеници во Центарот.

Јавниот оглас од ставот (4) на овој член се објавува во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.,

**-Во член 6 текстот се менува и гласи:**

,,За директор на Центарот може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност;
- да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС, односно завршен VII/1 степен образование од областа на правните, економските или техничките науки;
- да има работно искуство од најмалку пет години од кои најмалку две години со управување со развојни проекти во областа на локалниот и регионалниот развој;
- да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати за познавање на англиски јазик не постар од две години:

а) ТОЕФЕЛ (TOEFL) со најмалку 74 бода;
б) ИЕЛТС (IELTS) со најмалку 6 бода;
в) ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) со најмалку Б2 ниво;
г) ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен;
д) БУЛАТС (BULATS) со најмалку 60 бода или
ѓ) АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и

- активно познавање на програми за компјутерско работење.

(2) Мандатот на директорот му престанува:

- со истекот на неговиот мандат;
- со остварување на правото за пензија согласно со закон или
- во случај на смрт.

Директорот може да биде разрешен и пред истекот на мандатот од ставот (2) на овој член доколку:

- тоа сам го побара;
- биде разрешен од страна на Советот за развој на Вардарски плански регион;
- трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата, што се докажува со соодветна медицинска потврда;
- ако со правосилна судска одлука му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци или
- врши работи кои се неспојливи со позицијата директор на Центар.

Советот за развој на Вардарски плански регион може да го разреши директорот пред истекот на мандатот со одлука која се донесува со двотретинско мнозинство од членовите со право на глас доколку:

- не ја остварува програмата за развој на планскиот регион и акциониот план за нејзино спроведување;
- по негова вина е нанесена штета на Центарот за развој на планскиот регион;
- не работи во согласност со закон или
- во други случаи предвидени со овој закон.

Во случај кога не е избран директор на Центарот или предвреме му престанал мандатот, Советот за развој на Вардарски плански регион именува вршител на должноста директор, без јавен оглас, од редот на вработените во Центарот, а најдолго шест месеци.

Вршителот на должноста директор ги има сите права и обврски на директор на Центарот.

Советот за развој на Вардарски плански регион, веднаш по именувањето вршител на должноста директор, распишува јавен оглас за избор на директор.,,

**-Во член 7 текстот се менува и гласи:**

,,Директорот на Центарот ги има следните надлежности:

- го претставува и застапува Центарот;
- управува со имотот на Центарот и е потписник на сметката на Центарот;
- го предлага годишниот финансиски план и завршната годишна сметка на Центарот;
- донесува Правилник за систематизација на работни места во стручната служба на Центарот, по претходно позитивно мислење од Советот за развој на Планскиот регион;
- раководи со стручната служба на Центарот;
- ги предлага на Советот за развој на Вардарски плански регион: програми, проекти, извештаи и останатите документи кои се изготвуваат од страна на Центарот, а треба да се усвојат од страна на Советот за развој на Вардарски плански регион;
- раководи со процесот на следење на спроведувањето на Програмата за развој на планскиот регион од членот 13 од Закон за рамномерен регионален развој;
- раководи и ги координира активностите поврзани со спроведувањето на Програмата на Министерството од членот 11 став (4) од Законот за рамномерен регионален развој, од надлежност на Центарот;
- раководи со изработката на Предлог-проектите за развој на Вардарски планскиот регион;
- раководи со процесот на спроведување на одобрените проекти за развој на планскиот регион;
- иницира и воспоставува соработка со други надлежни државни органи и со донаторски органиции кои поддржуваат проекти за развој на планскиот регион и на општините што влегуваат во неговиот состав;
- обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на имотот на Центарот и
- врши други работи утврдени со закон.,,

**-Во член 8 текстот се менува и гласи:**

,,Центарот има стручна служба, која се организира во сектори и одделенија.

Одлуката за организација на стручната служба на Центарот ја донесува Советот за развој на Вардарски плански регион на предлог на директорот на Центарот.

Правата, обврските и одговорностите на вработените во стручната служба на Центарот се уредуваат во согласност со Законот за работни односи и истите немаат статус на административни службеници.

Платата на директорите на Центарот ја утврдува министерот по претходна согласност од Владата, а во зависност од бројот на вработени службеници во Центарот и од обемот и сложеноста на работата и времето потребно за извршување на истата.

Висината на платата на директорите на центрите се утврдува во коефициент од 2,9 до 3,4 при што вредноста на коефициентот ја утврдува министерот по претходна согласност од Владата. Основицата за пресметување на вредноста на коефициентот е во износ на минималната нето-плата, која министерот за труд и социјална политика ја објавува во "Службен весник на Република Северна Македонија".

Бројот на вработени службеници во Центрите и нивните плати ги определува Советот за развој на планскиот регион.,,

**-Во член 9 текстот се менува и гласи:**

,,Активностите и задачите на Центарот за развој на планскиот регион за тековната година, кои произлегуваат од развојните приоритети на планскиот регион ги одобрува Советот за развој на Вардарски плански регион по предлог на Министерството.

Активностите и задачите на Центарот за развој на Вардарски плански регион за тековната година се утврдуваат со договор за соработка за тековната година, склучен меѓу Министерството и Центарот за развој на Вардарски плански региони.

Договорот од ставот (2) на овој член содржи конкретни активности поврзани со развојните приоритети на планскиот регион во тековната година, износ и начин на исплата

на средствата за реализација на утврдените активности и задачи, начин и рокови за реализација на утврдените активности и задачи и начин на постапување во случај на делумно или целосно неисполнување на договорените обврски.

Средствата за реализација на активностите и задачите утврдени во договорот од ставот (2) на овој член, на годишно ниво се обезбедуваат од Министерството, во износ кој е еднаков или повисок од износот исплатен во годината пред стапувањето во сила на овој закон.

Општините кои се крајни корисници на проектите, исплаќаат средства во висина до 15% од проектната (пресметковна) вредност на одобрен проект на Центарот за реализација и имплементација на проектот.

Основни критериуми за висината на средствата за проектите исплатени на општините кон Центрите од ставот (5) на овој член се:

- видот и сложеноста на проектот и
- висината на проектната вредност на проектот.

Поблиски критериуми за висината на средствата за исплата за Центарот од ставот (5) на овој член ги пропишува министерот, врз основа на Правилник за утврдување на висината на средствата за реализација на активностите и задачите на Центрите за развој на планските региони.

Средствата од ставот (5) на овој член општините, ги префрлаат на сметка на Центарот за развој на Вардарски плански регион, пред започнување на постапката за јавна набавка, најдоцна во рок од 30 дена од денот на потпишување на договорот за реализација на проектот.

Општините кои нема да ги исплатат средствата од ставот (5) на овој член, го губат правото на користење на средствата, при што Центарот ќе ги наплати договорените средства од доделените средства за реализација на проектот, а преостанатите средства ќе бидат распределени за финансирање на проекти од листата на позитивно оценетите проекти.

Центарот може да користи дополнителни средства за финансирање на своите задачи и активности од општините во состав на планскиот регион, а во планскиот регион во чиј состав припаѓаат општините, врз основа на донесени одлуки од Советот за развој на планскиот регион или од Советот на општина.

Други активности за поттикнување на развојот на планскиот регион, Центарот за развој на Вардарски плански регион ги реализира врз основа на договор за соработка склучен со нарачателот, а врз основа на претходно обезбедено позитивно мислење од Министерството и согласност од Советот за развој на планскиот регион.,,

**- член 11 СЕ БРИШЕ.**

**-Во член 12 текстот се менува и гласи:**

,,Центарот за развој на Вардарски плански регион го поднесува Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарски плански регион до Советот за развој на Вардарски плански регион и до советите на општините.

Составен дел од Годишниот извештај од ставот (1) на овој член е и Извештајот за финансиското работење на Центарот.

Центарот за развој на Вардарски плански регион, го доставува Годишниот извештај од ставот (1) на овој член, по усвојувањето од страна на Советот за развој на Вардарски плански регион до советите на општините и до Министерството до крајот на првото тромесечје во наредната година, за претходната година.,,

**- Член 13 СЕ БРИШЕ**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување во „Службен гласник на општина Кавадарци“.

**Бр.08-3770/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.06.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за сопствено учество на Општина Кавадарци – Локална самоуправа, во реализација на проектот "Поставување на фото – напонски панели на 10 Јавни општински објекти со вкупна инсталирана моќ од 19.2 kw/h"**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за сопствено учество на Општина Кавадарци – Локална самоуправа, во реализација на проектот "Поставување на фото – напонски панели на 10 Јавни општински објекти со вкупна инсталирана моќ од 19.2 kw/h", донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.06.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4106/9** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.07.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весникна РМ ,,бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/2005….64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 57-та седница, одржана на ден 30.06.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за сопствено учество на општина Кавадарци – Локална самоуправа, во реализација на проектот "Поставување на фото – напонски панели на 10 Јавни општински објекти со вкупна инсталирана моќ од 19.2 kw/h"**

**Член 1**

Во Одлуката за сопствено учество на општина Кавадарци – Локална самоуправа, во реализација на проектот "Поставување на фото – напонски панели на 10 Јавни општински објекти со вкупна инсталирана моќ од 19.2 kw/h" бр.08-2458/9 од 27.04.2021 година (,,Сл.Гласник на Општина Каваадрци,, бр.73/2021), се врши следната измена и дополнување:

Член 2 се менува и гласи:

,,Вкупната вредност на Проектот е 8.329.705,50 денари со вклучен ДДВ, учеството на општината е во износ од 4.089.319,50 денари, остатокот од

4.240.386,00 денари е учество на Биро за регионален развој на Република Северна Македонија,,.

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-3770/9**
**30.06.2021 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за сопствено учество на Општина Кавадарци – Локална самоуправа, во реализација на проектот "Реконструкција на локален пат во село Бохула,, со Заклучок**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за сопствено учество на Општина Кавадарци – Локална самоуправа, во реализација на проектот "Реконструкција на локален пат во село Бохула,, со Заклучок, донесени на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.06.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4106/10**
**01.07.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весникна РМ ,,бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/2005….64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 57-та седница, одржана на ден 30.06.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за изменување и дополнување на Одлуката за сопствено учество на општина Кавадарци – Локална самоуправа, во реализација на проектот "Реконструкција на локален пат во село Бохула"**

**Член 1**

Во Одлуката за сопствено учество на општина Кавадарци – Локална самоуправа, во реализација на проектот "Реконструкција на локален пат во село Бохула" бр.08-2458/8 од 27.04.2021 година (,,Сл.Гласник на Општина Каваадрци,, бр.73/2021), се врши следната измена и дополнување:

Член 2 се менува и гласи:

,,Вкупната вредност на Проектот е 4.000.000,00 денари со вклучен ДДВ, учеството на општината е во износ од 2.000.000,00 денари, остатокот од 2.000.000,00 денари е учество на Биро за регионален развој на Република Северна Македонија,,.

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-3770/10**
**30.06.2021 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

**Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весникна РМ ,,бр.5/02), расправајќи по Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за сопствено учество на општина Кавадарци – Локална самоуправа, во реализација на проектот "Реконструкција на локален пат во село Бохула,, член 132 став 3 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/2005….64/20),**

Советот на Општина Кавадарци на 57-та седница, одржана на ден 30.06.2021 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1. СЕ ПРЕПОРАЧУВА на Полициска станица Кавадарци да врши почеста сообраќајна контрола кон патните правци Страгово, Михајлово, Мрежичко, Мајден, Бојанчиште, како и на патиштата на периферијата на градот кон Урбана заедница ,,Задругар,, и Урбана заедница ,,Слога,, и Урбана заедница,,Киро Крстев,,, со цел контрола на движењето на тешки товарни возила кон локалните патишта, почитување на хоризонталната и вертикална сигнализација, како и поголема контрола над нерегистрирани возила.

**2**.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,, Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-3770/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.06.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.21/21 поведен пред Основен суд Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.21/21 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.06.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4106/11** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.07.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05…64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 57-та седница, одржана на ден 30.06.2021 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.21/21 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр 21/21, поведен пред Основен суд Кавадарци.

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на

меѓусебните односи помеѓу спогодбените страни кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр.21/21 за определување на правичен паричен надоместок за експроприрано земјиште дел од КП.бр 1722/2 м.в.,,Желков Дол'' култура 33 со новоформирана КП бр.1722/2 во површина од 205 м2,и КП бр.1722/6 во површина од 1м2, и КП бр.4173/1 м.в.,,П Џунов''култура зз во површина од 72 м2,со право на сопственост на ……………од Кавадрци со живеалиште на ул.,,………………. по Имотен лист бр.1550 КО Ваташа,согласно Решение за експропријација Екс.бр.25-215 од 17.03.2021 година донесено од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци, заради градење на дел од улица,,Фуштани'' и ул.,,Моклишка''КО Ваташа,предвидена со ДУП за УБ ,,Трибор''- Кавадарци,согласно Геодетски елаборат за геодетски работи со посебни намени за нумерички податоци за реализација на урбанистички планови и урбанистичко – планска документација КО Ваташа со деловоден бр.0802-245 од 20.08.2019 година изработен од ТДГР ,,ГЕОДЕТСКИ ПРЕМЕР''ДООЕЛ Кавадарци.

2. Страните на Судската Спогодба се согласни за експропририраното земјиште од точка 1 на оваа спогодба предлагачот – Општина Кавадарци – Локална самоуправа на име правичен паричен надомест да му исплати на противникот ……………од Кавадарци, 1.230,00 ден./м2, односно за 278 м2 надоместок за земјиште во вкупен износ од 341. 940,00 денари.

3. Противникот е согласен надоместокот во износ од 341. 940,00 денари предлагачот - Општина Кавадарци Локална самоуправа да го плати во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Судската Спогодба,како и процесни трошоци за две застапувања во износ согласно во износ од 21.840,00 денари по предходно доставен Трошковник од полномошникот на противникот.

3. Противникот е согласен во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Судското Порамнување, предлагачот Општина Кавадарци - Локална Самоуправа да ги плати надоместокот во износ од 341.940,00 денари, на трансакциона сметка на противникот и процесните трошоци во износ од 21.840,00 денари, на трансакциона сметка на полномошникот на противникот.

4. Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.21/21.

5. Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените страни изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот ВПП бр.21/21 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-3770/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.06.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност за склушување на Судско порамнување по судски предмет МАлвП-29/2021 година поведен пред Основен суд Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност за склушување на Судско порамнување по судски предмет МАлвП-29/2021 година поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.06.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4106/12** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**01.07.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.5/02), член 132 став од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05…64/20),
Советот на Општина Кавадарци на 57-та седница одржана на ден 30.06.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За давање Согласност за судско порамнување**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Кавадарци дава Согласност за склучување Судско порамнување за предметот кој пред Основен суд Кавадарци се води под бр. **МАЛВП-29/2021** каде како Тужител се јавува …………….од Кавадарци, со адреса на живеење на Ул………………Кавадарци со ЕМБГ…………………, преку Полномошник Адвокат Иван Димов од Кавадарци, со седиште ул. Цано Поп Ристов бр. 12, а како тужени Општина Кавадарци, застапувана од Градоначалникот М-р Митко Јанчев од Кавадарци, и Јавното Претпријатие за комунални работи КОМУНАЛЕЦ Кавадарци, застапувано од законскиот застапник Ѓорѓи Поп Ицов, на име Надомест на нематеријална штета, во вкупен износ од 100.000,00 денари.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци, преку полномошник-адвокат, да постигне спогодба и да склучи судско порамнување со следната содржина:

**"С У Д С К О П О Р А М Н У В А Њ Е**

1.Тужителот преку полномошник Адвокат Иван Димов од Кавадарци го повлекува и се откажува од дел од тужбеното барање на име побарување на нематеријална штета во износ од 100.000,00 денари со кое Тужените се задолжуваат солидарно да исплатат справедлив паричен надомест на Тужителот, а останува за остатокот на тужбено барање во износ од 50.000,00 денари.

2.Тужените Општина Кавадарци и Јавно Претпријатие за комунални работи КОМУНАЛЕЦ Кавадарци, СОГЛАСНИ СЕ со вака прецизираното тужбено барање за износ од 50.000,00 денари на тужителот по основ на справедлив паричен надомест за претрпена нематеријална штета и истовремено потврдуваат дека СЕ СОГЛАСНИ солидарно, во рок од 15 дена сметано од денот на заклучувањето на ова судско порамнување, на име нематеријална штета на Тужителот да му исплата вкупен износ од 50.000,00 денари, зголемен за износот на трошоците на постапката во износ од 19.012,00 денари на име адвокатски трошоци и 11.112,00 денари за трошоци за вештачење, под страв на присилно извршување. Овој износ, тужените, солидарно да му го исплатат на Тужителот на неговата трансакциона сметка.

3. Ова судско порамнување го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под МАЛВП-29/2021, па двете страни потврдуваат дека повеќе немаат никакви взаемни побарувања или долгувања по основ на штетниот настан предмет на овој спор.”

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл.гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-3770/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.06.2021 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## **Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност за потпишување на Договор за управување со Младински центар Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност за потпишување на Договор за управување со Младински центар Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.06.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-4106/13**
**01.07.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весникна РМ ,,бр.5/02), а во врска со Одлуката за отстапување на користење простор во сопственост на Општина Кавадарци за формирање на Младински центар Кавадарци бр.08-3077/35 од 27.05.2021 година, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05…64/2020),

Советот на Општина Кавадарци на 57-та седница, одржана на ден 30.06.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за потпишување на Договор за управување со Младински центар Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за потпишување на Договор за управување со Младински центар Кавадарци .

**Член 2**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со управувањето со Младинскиот центар Кавадарци, Советот на Општина Кавадарци го овластува Градоначачникот да склучи :

**Договор за управување и раководење со Младински центар Кавадарци**

**1. Општина Кавадарци – Локална самоуправа** со седиште на Плоштад “Маршал Тито” бб Кавадарци, со ЕДБ 4011004124215, и ЕМБС 5995965 застапувана од Градоначалникот на Општината м-р Митко Јанчев **од еднастрана** и

**1. Здружение на млади КРЕАКТИВ Скопје,** со седиште на ул. “Никола Вукмировиќ” бр. 23-1/3 Скопје –Ѓорче Петров Скопје со ЕДБ 4030007623128 и ЕМБС 6191592 претставувано од Претседателот Драган Маркоски во име на неформалната група организации заедно со партнер организација Совет за Превентива Против Малолетничка Деликвенција во понатамошниот текст од друга страна како **од друга страна**

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР**

**Член 1**

Предмет на овој Договор е утврдување на правата и обврските на двете договорни страни, а во врска со начинот на раководење и управување со Младински центар Кавадарци , по пат на распишан Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар Кавадрци, согласно Одлука за отстапување на користење на простор во сопственост на општина Кавадарци за формирање на Младински центар Кавадарци бр.08-3077/35 од 27.05.2021 година.

Управувањето и раководењето со Младински центар Кавадарци ќе го врши Здружение на млади КРЕАКТИВ Скопје во име на неформалната група организации заедно со партнер организација Совет за Превентива Против Малолетничка Деликвенција.

Здружение на млади КРЕАКТИВ Скопје во име на неформалната група на организации ќе биде потписник на договорот и целокупната пропратна документација за управување и раководење со Младинскиот центар Кавадарци.

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ**

**Член 2**

Согласно законските надлежности Младинскиот центар е место каде се подготвуваат и спроведуваат програми кои ја подобруваат благосостојбата на младите , развојот на личниот , социјалниот и професионален живот на младите како и информации од важен интерес и другите аспекти од животот на младите

**ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

**Член 3**

Вредноста на овој договор изнесува 300 000 ,00 денари годишно, согласно предвидените финансиски средства во Годишната програма за работа на Младинскиот центар Кавадарци за 2021 година, доставена од апликантот Здружение на млади КРЕАКТИВ Скопје во име на неформалната група организации заедно со партнер организација Совет за Превентива Против Малолетничка Деликвенција.

Финансиските средства предвидени за работењето на Младинскиот центар Кавадарци за 2021 година, ќе се исплаќаат на три дела и тоа, првата исплата во висина од 40% од вкупната вредност по склучувањето на Договорот, а останатите на секои два месеци во висина од по 30% од преостанатата вредност.

Двете договорни страни ќе формираат 3(три)члена комисија која што ќе биде надлежна за разгледување на двомесечниот Извештајот за потрошените финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци.

Исплата на финансиските средства од став 2 на овој член ќе биде само врз основа на усвоен Заклучок од 3(три) члената комисија, за наменски потрошени средства, освен за првото побарување .

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ**

**Член 4**

Општина Кавадарци како прва договорна страна се обврзува на Здружение на млади КРЕАКТИВ Скопје да му го отстапи на користење просторот лоциран на ул.„7-ми Септември“ Дом на култура бр.1 за период од 3 години и тоа од јули 2021 до декември 2024 година.

**Член 5**

Надоместот на режиските трошоци(струја, вода, греење и комунална хигиена) како и интернет за функционирање на Младинскиот центар Кавадарци се на товар на Општина Кавадарци.

**Член 6**

Општината има право еднострано да го раскине Договорот и да бара враќање на финансиските средства, во случај доколку со Извештајот за реализација на програмата за 2021 година се утврди дека втората договорна страна ненаменски и незаконски ги користи финансиските средства, не ги почитува обврските утврдени во овој Договор, не достави извештај за реализација на Програмата. и истиот не биде усвоен од страна на Советот на Општина Кавадарци

**Член 7**

Младинските организации кои ќе управуваат и раководат со Центарот не можат без писмена согласност на Општина Кавадарци да врши промена и пренамена на недвижната ствbooleanст(преградувања, доградувања, поправки, конструкција, функционална реконструкција и други инвестициони зафати во објектот) како и изградба на други придружни објекти без согласност на давателот.

Доколку се изврши преградување, доградување и други инвестициони зафати во објектот, работите остануваат како составен дел на објектот и се во сопственост на Општина Кавадарци.

**Член 8**

Младинските организации кои ќе управуваат и раководат со Центарот при користење на недвижната ствар е должен истата да ја употребува како добар домаќин според неговата намена и одговара за штета што ќе настане со употреба на недвижната ствар/објектот спротивно на неговата намена.

**Член 9**

Младинските организации кои ќе управуваат и раководат со Центарот се должни до Општина Кавадарци да достават Извештај за реализација на финансиските средства на секои два месеци.

Младинските организации кои ќе управуваат и раководат со Центарот во рок од 30 дена сметано од денот на завршувањето на Буџетската година, се долженни до Градоначалникот и до Советот на Општина Кавадарци да достават наративен финансиски извештај со комплетна финансиска документација кој содржи : наративен приказ за реализацијата на Програмата за работа за 2021 година, договори, сметки, фактури,изводи од банки, конечен финансиски план со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање.

Младинските организации кои ќе управуваат и раководат со Центарот, должени се финансиските средства од член 2 на овој Договор да ги користат наменски, економично, рационално и за тоа да води соодветна финансиска евиденција и документација согласно законските прописи.

Реализацијата на финансиските средствата одобрени од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година, Младинските организации кои ќе управуваат и раководат со Центарот се должни да ја вршат исклучиво преку банка за што треба да достават Извод од сметка за потрошените средства.

Доколку се утврди дека Младинските организации кои ќе управуваат и раководат со Центарот ненаменски и незаконски ги користат доделените средства од Буџетот на Општина Кавадарци, како и недвижната ствар и не ги почитуваат обврските во договорот, Општина Кавадарци има право еднострано да го раскине овој договор и да бара враќање на исплатените средства.

**ВРЕМЕ НА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 10**

Овој договор се склучува за период од 01.јули до 31.12.2021 години**.**

Општина Кавадарци ќе склучи Договор за управување и раководење со Младиснкиот центар Кавадарци за секоја година додека трае отстапувањето на просторот, согласно доставена Програма за работа од младинските организации, односно за период од 2022, 2023 и 2024 година.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 11**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинала договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

**Член 12**

Со раскинување на Договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуална штета.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 13**

За се што не е регулирано со овој Договор, важат и ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи .

**Член 14**

Во случај на спор надлежен е Основен Суд Кавадарци.

**Член 15**

Договорот е изготвен во 4(четири) еднобразни примероци, од кои по два за секоја договорна страни.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

| | |
|---|---|
| **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** | **Здружение на млади КРЕАКТИВ Скопје** |
| **Градоначалник** | **Претседател** |
| **м-р Митко Јанчев** | **Драган Маркоски** |

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци.

| | |
|---|---|
| **Бр.08-3770/13** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **30.06.2021 година** | **Претседател** |
| **К А В А Д А Р Ц И** | **Ристо Сакалиев** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина

Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за укинување на Одлуката за ослободување од надоместок за користењена просторот пред деловните простории за вршење на дејности намалување на висината на комуналната такса**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за укинување на Одлуката за ослободување од надоместок за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејности намалување на висината на комуналната такса, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.06.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4106/14**
**01.07.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Согласно член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци“ број 8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 57-та седница, одржана на ден 30.06.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за укинување на Одлуката**
**за ослободување од надоместок за користење**
**на просторот пред деловните простории за вршење на дејност**
**и намалување на висината на комуналната такса**

Член 1

Со оваа одлука се укинува Одлуката за ослободување од надоместок за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и намалување на висината на комуналната такса со арх.бр.08-3949/22 од 29.07.2020 година, Одлуката со арх.бр. 08-370/28 од 29.01.2021 година, Одлуката со арх.бр. 08-1808/10 од 30.03.2021 година, („Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр 58/20,бр.67/21 и бр.71/21).

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Кавадарци”.

**Бр.08-3770/14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.06.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање на трајно користење, без надомест недвижна ствар-Објект на Детска градинка на ЈОУДетска Градинка,, Рада Поцева,, Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање на трајно користење, без надомест недвижна ствар-Објект на Детска градинка на ЈОУДетска Градинка,, Рада Поцева,, Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.06.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4106/15** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.07.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, бр.5/02) , а во врска со член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (,,Сл.весник на РМ,,бр. 78/15....122/21), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/2005, 14/10, 24/10, 64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 57-та седница, одржана на ден 30.06.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на трајно користење, без надомест недвижна ствар-Објект на Детска градинка на ЈОУДетска Градинка,, Рада Поцева,, Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава на трајно користење, без надомест на ЈОУ Детска Градинка,, Рада Поцева,, Кавадарци недвижната ствар- објект и тоа :

I.

- Објект 2, влез 1, кат-ПР, со намена –В2-8 детски градинки површина-17м2;
- Објект 2, влез 1, кат-ПР, со намена –В2-8 детски градинки површина-35м2;
- Објект 2, влез 1, кат-К1, со намена –В2-8 детски градинки површина-226м2;
- Објект 2, влез 1, кат-К1, со намена –В2-8 детски градинки површина-34 ;
- Објект 2, влез 1, кат-К1, со намена –В2-8 детски градинки површина-16м2;
- Објект 2, влез 1, кат-ПР, со намена –В2-8 детски градинки површина-194 м2,

на КП.бр.11712, заведена на ИЛ.бр.12836, во вкупна површина од 523 м2 на ул,, Наќо Лазовски,, КО Кавадарци .

II.

- Објект 1, влез 1, стан 1, со намена –В2-8 детски градинки, површина -187 м2,

на КП.бр.15933, заведена на ИЛ.бр.12835, во вкупна површина од 187 м2, на ул,,Народни Херои,, бб, КО Кавадарци.

**Член 2**

Правото на трајно користење на недвижноста од член 1 од оваа Одлука се дава без надомест.

**Член 3**

Начинот и условите на користење на недвижноста од член 1 од оваа Одлука ке се уреди со Договор помегу Општината и корисникот.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-3770/15**
**30.06.2021 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање на трајно користење без надомест на движни ствари – клима уреди на ООУ,,Димката Ангелов Габерот,, с.Ваташа**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање на трајно користење без надомест на движни ствари – клима уреди на ООУ,,Димката Ангелов Габерот,, с.Ваташа,

донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.06.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4106/16** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.07.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002), а во врска со Известување по јавен повик за реализација на Програмата за намалување на аерозагадувањето за 2020 година со арх.бр.02-11679/10 од 25.12.2020 година од Влада на РСМ, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05...64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 57-та седница, одржана на ден 30.06.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање на трајно користење без надомест на движни ствари – клима уреди на ООУ„Димката Ангелов Габерот,, с.Ваташа**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци дава на трајно користење, без надоместок, на ООУ,,Димката Ангелов Габерот,, с.Ваташа движни ствари - клима уреди и тоа:

-Клима уред тип 1- 3,5 kw- 7 броја;
-Клима уред тип 2- 5,2 kw - 6 броја;
- Клима уред тип 3- 3 -7 kw - 5 броја;

**Член 2**

Градоначалникот на Општина Кавадарци ќе склучи договор со Директорот на ООУ,,Димката Ангелов Габерот,, с.Ваташа за регулирање на правата и обврските на движните ствари од член 1 на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила 8 (осми) ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Кавадарци .

**Бр.08-3770/16** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.06.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на СОЗШУ ,,Ѓорче Петров“ Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на СОЗШУ ,,Ѓорче Петров“ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.06.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4106/17**
**01.07.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (”Сл.весник на РМ“ бр.05/02) а во врска со член 44 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост(Сл.весник на РМ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 ) и член 132став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (Сл.Гласник бр.08/05“, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20) ,

Советот на Општина Кавадарци на 57-та седница, одржана на ден 30.06.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За примање и давање на трајно користење на движни ствари на СОЗШУ ,,Ѓорче Петров“ Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци – Локална Самоуправа прима на трајно користење без надомест движни ствари од Министерството за образование и наука , согласно Одлука на Влада на Република Северна Македонија за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци а за потребите на СОЗШУ ,,Ѓорче Петров“ Кавадарци бр.40-5885/1 од 08.06.2021 година и тоа :

| Ред. број | Назив на движните ствари | Опис на движните ствари | Количина (парче) |
|---|---|---|---|
| 1 | Машина за рамнење по дебелина - дихт | Производител: РАДЕК<br>Модел: RK1040F<br>Димензии на маса: 450x382 mm<br>Максимална работна ширина: 400 mm<br>Максимална работна должина: 180mm<br>Максимална длабочина на рамнење: 3mm<br>Брзина на сврдел: 4500 rmp<br>Број на сечила: 3<br>Моќност: 2,2 kw | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | Хоризонтална машина за шмирглање | Производител: РАДЕК<br>Модел: RK2015<br>Димензии на работна маса 2500 x 1200 mm<br>Надолжен пат: 1200mm<br>Димензии на рамен за полирање: 66800 x 150mm<br>Моторна моќност: 4kw | 1 |

**Член 2**

Движните ствари од член 1 на оваа Одлука Општина Кавадарци ги дава на трајно користење без надомест на СОЗШУ ,,Ѓорче Петров“ Кавадарци.

**Член 3**

Со оваа Одлука се овластува Градоначалникот да склучи Договор со СОЗШУ,,Ѓорче Петров“ Кавадарци за примопредавање на движните ствари.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ке се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци “

**Бр.08-3770/17**
**30.06.2021 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање на трајно користење без надомест на движни ствари – уметнички слики**
**на Локален Музеј Галерија Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање на трајно користење без надомест на движни ствари – уметнички слики на Локален Музеј Галерија Кавадарци , донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.06.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4106/18**
**01.07.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002), а во врска со Одлука за примање на донација на материјално добро – уметнички слики од Ѓорѓи Кимов со арх. бр.08-3077/15 од 27.05.2021 година

(“Сл.гласник на Општина Кавадарци“бр.74/2021), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05...64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 57-та седница, одржана на ден 30.06.2021 година, донесе

## О Д Л У К А
**за давање на трајно користење без надомест на движни ствари – уметнички слики на Локален Музеј Галерија Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци дава на трајно користење, без надоместок, движни ствари на Локален Музеј Галерија Кавадарци, а со намена за збогатување и облагородување на просторот и тоа ,

- Тематска колекција од 13 (тринаесет) уметнички слики направена во иста техника и 1 (една) копаничарска резба од копаничари во вредност од 110.700,00 со вклучен ДДВ.

**Член 2**

Градоначалникот на Општина Кавадарци ќе склучи договор со Директорот на Локален Музеј Галерија Кавадарци за регулирање на правата и обврските од член 1 на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила 8(осмиот) ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Кавадарци .

**Бр.08-3770/18** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.06.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Одлука за усвојување на Стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Кавадарци за 2021 – 2025 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за усвојување на Стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Кавадарци за 2021 – 2025 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.06.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4106/19** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.07.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ,, бр.05/2002), а во врска со член 34 и 35 од Законот за заштита и спасување (,,Службен весник на РМ,, бр. 36/04...83/18), и член 5 од Закон за управување со кризи(,,Службен весник на РМ,, бр. 29/05....83/18 ) член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/05,14/10, 24/10, 38/19, 64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 57-та седница, одржана на ден 30.06.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Кавадарци за 2021 – 2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Кавадарци за 2021 – 2025 година.

**Член 2**

Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Кавадарци за 2021 – 2025 година е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-3770/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.06.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување)**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување), донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.06.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4106/20**
**01.07.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

